**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-521/5**

**Скопје, 25.10.2007 година**

**До**
**Јавна здравствена установа Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„– Охрид**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„ – Охрид (во понатамошниот текст Специјална болница) за 2006 година кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„ – Охрид за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Д-р Владимир Стрезоски, в.д.Директор на Специјална болница до 23.10.2006 година и
   - Д-р Митко Тилевски, в.д.Директор на Специјалната болница од 23.10.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 02.07.2007 до 01.08.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места, како акт со кој се уредува внатрешната организација на работењето на Специјаната болница, не предвидува точен број на извршители за секое работно место. Некомлетноста на наведениот Правилник придонесува немање критерум за утврдување дали бројот на вработените лица е во согласност со реалните потребите на Специјалната болницата или постојат отстапувања од истите.
Во текот на ревизијата превземени се мерки и на 7-та седница на Управен одбор на ден 06.09.2007 година усвоен е новиот Правилник за организација на работа и систематизација на работните места.

10.1.2. Набавката на лекови од Листата на лекови се врши врз основа на доставен Преглед на склучени договори за испорака на лекови помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и добавувачите, а по претходно спроведени постапки за јавна набавка од страна на Фондот. Прегледот не содржи податоци за количината на лекови кои Специјалната болница може да ги набави во тековната година, иако од страна на Специјалната болница доставено е барање до Фондот за доставување на Преглед за количините на лекови и медицински материјали кои можат да се набават во тековната година преку Фондот. Со вака воспоставен начин на набавка на лекови од Листата на лекови, на Специјалната болница и се овозможува да врши набавки со кои постои можност да се надминат договорените количини прикажани во Прегледот, спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.
Ревизијата не дава препорака, поради тоа што врз основа на известување број 10-4248/1 од 18.04.2007 година од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, здравствените установи набавката на лекови ја вршат со Образец за месечно требување на лекови за болничка здравствена заштита, за кој одобрение/финансиска согласност дава повторно Фондот.

10.1.3. Специјалната болница во текот на 2006 година има склучено од 34 до 51 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, а не за привремени и повремени работни задачи. Со писмо до Министерството за финансии, побарана е согласност за 47 нови вработувања, за кои во текот на 2006 година не е добиена согласност. Ангажирањето на лицата е извршено спротивно на Законот за работни односи.

Непочитувањето на законските прописи, предизвикува незаконско користење на средства во износ од 3.894 илјади денари, како и неможност на ангажираните лица за остварување на права од работен однос.

**Препорака:**
Специјаната болница потребата од нови вработувања да ја врши во соработка со Министерство за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Министерството за финансии согласно позитивната законска регулатива, а ангажирањето на лица по договор за дело да се врши согласно одредбите од Закон за агенциите за привремени вработувања.

***10.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки***

- Договор за спроведување на постапка за групна набавка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и кои се издаваат во болничка здравствена заштита, склучен е на ден 03.07.2006 година, иако од страна на Специјалната болница поднесено е Барање за склучување договор за групна набавка на лекови и медицински материјали број 05-294/2 од 06.04.2006 година.
- Одлуката за уредување на начинот и постапката за набавка од мала вредност број 02-396/3 од 07.05.2004 година и измената на одлуката број 02-330/3 од 28.04.2006 година, содржи повеќе видови/групи на стоки, услуги и работи кои всушност претставуваат една вид/група на стока, услуга или работа, спротивно на член 72 точка 2 од Законот за јавни набавки. Поради примена на наведената одлука, вршени се набавки од мала вредност за одреден вид или група на стоки и услуги повеќе пати во годината над законски дозволениот лимит во износ од 1.886 илјади денари (од кои за една вид/група на стока – медицински материјали износ од 930 илјади денари). Напоменуваме дека во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки и покрената е постапка за измена на постојната одлука. На 7-та седница на Управен одбор на ден 06.09.2007 година е донесен и усвоен новиот Правилник за начинот и постапката за вршење на јавни набавки од мала вредност.

**Препорака:**
Да се обезбедат постапки, процедури да набавките се вршат во согласност со Законот за јавни набавки.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Јавна здравствена установа Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„ – Охрид под 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Јавна здравствена установа Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„ – Охрид е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

13. Во тек се судски постапки, чиј исход ќе има влијание на износот на побарувањата и обврските на Специјалната болница и тоа:
    - за утужени побарувања од правни и физички лица за извршени здравствени услуги, судски постапки во кои тужена страна е Специјалната болница по

основ на обврски кон добавувачи на набавка на лекови и медицински материјали, постапки за работни спорови и прекршочни постапки за кои во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот,

- во текот на 2002 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија извршил плаќање на авансни фактури на АД Медицинска пластика за сметка на Специјалната болница, во износ 22.881 илјади денари, за што Специјалната болница добила од Фондот книжни известувања и истите ги евидентирала како дадени аванси на добавувачи во земјата.

  Бидејќи за наведениот износ Специјалната болница немала добиено стока, во текот на 2003 година поднела тужба против АД Медицинска пластика Тетово.

  Со Решение на Основниот суд во Тетово во 2006 година, отворена е стечајна постапка над АД медицинска пластика Тетово. Во пријавените побарувања на АД медицинска пластика Тетово - во стечај од стечајниот управник, наведени се и побарувањата на Специјаната болница.

14. Специјалната болница на целокупниот остварениот вишок на приходи над расходи во износ од 15.474 илјади денари, пресметала и уплатила данок на добивка во износ од 1.201 илјада денари, поради доставеното известување од Министерство за финансии број 15-3311/1 од 30.01.2007 година (преку Фондот за здравствено осигурување на Македонија) во кое известување Министерството за финансии потенцира: *„законот (за данок од добивка) е обврзувачки за сите даночни обврзници вклучувајќи ги и јавните здравствени установи„.......*

    Обврската за пресметка и уплата на данок од добивка кај јавните здраствени установи се врши без утврдено законско толкување на член 47 став 1 од Законот за данок на добивка (пречистен текст) согласно кој ....*„Приходите што се строго наменски за одвивање на дејноста кај правното лице - даночен обврзник (буџети, фондови) не влегуваат во даночната основа за пресметување на данок од добивка„.........* Исто така ревизијата смета дека поради воспоставениот начин на пресметка и уплата на данокот на добивка неосновано се врши одлив на средства од јавните здравствени установи во корист на Буџетот на Република Македонија.

    Поради ваквиот начин на толкување на Законот за данок од добивка од страна на Министерството за финансии, потребно е Фондот за здравствено осигурување на Македонија и јавните здравствени установи да превземат иницијатива за добивање автентично толкување на член 47 од Законот за данок на добивка од страна на Законодавно правната комисија при Собранието на Република Македанија, како надлежна согласно член 182 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

15. Изградбата на амбулантно-оперативен блок во склоп на Специјалната болница како објект за здравствена заштита, отпочната со градба во 1988 година, и во текот на 2006 година не е продолжена. Специјалната болница во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија да продолжат со иницијативата до надлежните институции за завршување на започнатите инвестиционо-градежни работи, со кои би се обезбедиле финансиски средства за довршување на објектот со цел обезбедување повисок стандард на здравствена заштита на осигурениците.

**Скопје, 25.10.2007 година** **Овластен државен ревизор**



-----------------------------

**Јавна здравствена установа**
**Специјална болница за ортопедија и трауматологија "Свети Еразмо" Охрид**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 48,074 | 33,810 |
| Трансфери и донации | 123,737 | 121,598 |
| **Вкупно приходи** | **171,811** | **155,408** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 67,879 | 65,452 |
| Стоки и услуги | 81,321 | 82,525 |
| Каматни плаќања | 835 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | **150,035** | **147,977** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 5,101 | 3,266 |
| **Вкупно капитални расходи** | **5,101** | **3,266** |
| **Вкупно расходи** | **155,136** | **151,243** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **16,675** | **4,165** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **16,675** | **4,165** |

**Јавна здравствена установа**
**Специјална болница за ортопедија и трауматологија "Свети Еразмо" Охрид**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 18,688 | 6,708 |
| Побарувања | 13,183 | 22,539 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 23,924 | 24,141 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 0 | 31 |
| Финансиски и пресметковни односи | 81 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 19,614 | 21,371 |
| Залихи | 42,237 | 21,441 |
| **Вкупно тековни средства** | **117,727** | **96,231** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 671 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | 124,767 | 3,646 |
| Материјални средства | 99,388 | 109,324 |
| Материјални средства во подготовка | 7,648 | 7,639 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 0 | 246 |
| **Вкупно постојани средства** | **232,474** | **120,855** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 6,053 | 10,475 |
| **Вкупна актива** | **356,254** | **227,561** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 13,537 | 15,411 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 68 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 51 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 85 | 539 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 715 | 353 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4,862 | 4,556 |
| Пасивни временски разграничувања | 55,287 | 54,898 |
| **Вкупно тековни обврски** | **74,605** | **75,757** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 281,649 | 151,804 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **281,649** | **151,804** |
| **Вкупна пасива** | **356,254** | **227,561** |

**Јавна здравствена установа**
**Специјална болница за ортопедија и трауматологија "Свети Еразмо" Охрид**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **130,363** | **21,441** | **151,804** |
| **Зголемување по основ на:** | **126,743** | **74,341** | **201,084** |
| Набавки | 5,112 | 41,513 | **46,625** |
| Состојба по одделенија-нов софтвер | - | 32,550 | **32,550** |
| Донација | 18 | - | **18** |
| Корекции од субјектот | 15 | - | **15** |
| Корекции по ревизија од минати години | 121,598 | 227 | **121,825** |
| Вишок по попис | - | 51 | **51** |
| **Намалување по основ на:** | **17,694** | **53,545** | **71,239** |
| Потрошок | - | 50,459 | **50,459** |
| Расход по попис | 106 | 2,491 | **2,597** |
| Корекции по ревизијата | 3,136 | - | **3,136** |
| Корекции во тек на годината | - | 368 | **368** |
| Амортизација | 14,452 | - | **14,452** |
| Продажба на хартии од вредност | - | 227 | **227** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **239,412** | **42,237** | **281,649** |